Врз основа на Одлука за позитивна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година бр. 0203-138 од 26.03.2026 година, изработен е следниот:

**Профил на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во текот на 2025 година работеше во следниот состав:

- Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор до 16.03.2025
- Хедвика Усеник, Претседател на Надзороен одбор од 17.03.2025
- Боштјан Ковач, Заменик претседател на Надзорниот одбор до 12.09.2025
- 2025
- Алеш Ипавец, Заменик Претседател на Надзорниот одбор од 13.09.2025
- Зоран Јовановски, Втор заменик претседател на Надзорниот одбор и независен член на Надзорниот одбор
- Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор
- Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор
- Наташа Пукл, Независен член на Надзорниот одбор

Надзорниот одбор искажа посветеност и ефикасно работење во остварување на надзорот над работењето на Управниот одборот и законски пропишаните одбори и потврди дека ги поседува знаењата, компетенциите и искуството потребно за независен надзор на работењето на НЛБ Банка АД Скопје, со особен акцент на сеопфатното познавање и разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои еизложена. Одговорно ги вршеше своите надлежности со цел обезбедување на добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка на РСМ. Надзорниот одбор, особено, ги насочи своите активности и работење кон продолжување на профитабилното работење на Банката и задржување на водечката позиција на Банката во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија.

**Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје (мандат до 16.03.2025 за 2025 година)** се одликува со исклучително успешно долгогодишно професионално менаџерско искуство во банкарскиот сектор и осигурувањето, особено како носител на највисоки надзорни и управувачки функции. Соодветното стекнато професионално искуство, образование, стручност и компетенции здобиени преку професионалниот ангажман во банкарскиот и осугурителниот сегмент на различни менаџерски и надзорни позиции, како и здобиеното знаење и експертиза преку перманентните професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење,стратешкото управување и менаџментот и други релевантни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста и неговите предизвици, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење и дигиталната трансформација во работењето како и дигиталните алатки, ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Претседател на Надзорниот одбор. Во работењето на НЛБ Банка АД Скопје, тој долгогодишно активно учествува во Одборот за наградување, како Претседател на одборот, како и Член на Одборот за именување.

Г-дин Блаж Бродњак, во период на неговиот мандат во 2025 година, како Претседател на Надзорниот одбор даде соодветен придонес во севкупното работење на Надзорниот одбор, особено во извршување на стратешката и надзорна функција на Одборот, преку успешно раководење со седниците, поттикнување на отворена и конструктивна дискусија на седниците, остварување на независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно анализирање на одлуките на Управниот одбор и избегнување на следење на колективните ставови и мислења во одборот. Г-динот Блаж Бродњак како Претседател на Надзорниот одбор со своето работење во рамки на мандатот во 2025 година, придонесе за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Република Северна Македонија.

**Хедвика Усеник, Претседател на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје (мандат од 17.03.2025 година)** се одликува со долгогодишно и успешно професионално искуство во банкарскиот сектор во повеќе држави во регионот, како Р.Словенија, Р.Косово, Р.С.Македонија, БиХ и тоа како носител на највисоки надзорни, управувачки и менаџерски позиции во тамошните банки. Својата кариера во банкарскиот сектор ја започнала како банкарски аналитичар во УниКредит Банка (тогашна Банка Австрија) во секторот за корпоративно банкарство, за да продолжи со нејзино професионално напредување на различни раководни позиции. Таа преку остварување на функцијата на Претседател на Надзорниот одбор на Банката, како и функциите на Претседател на Одборот за наградување и член на Одбор за именување од 17.03.2025 година, заедно со стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење и финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, демонстрира одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување на Банката, особено неговата финансиска состојба и профил на ризичност.

Г-ѓа Хедвика Усеник во период на нејзиниот мандат во 2025 година демонстрира подготвеност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари самостојна и професионална оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Согласно учеството во осум седници (4 редовни и 4 вонредни) на Надзорниот одбор на Банката остварени во рамки на нејзиниот мандат во 2025 година, на коишто се донесоа значајни одлуки за решавање на прашања од неговата надлежност, контрола и следење на работењето на банката, г-ѓа Хедвика Усеник дедицирала доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Претседател на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Претседател на Одборот за наградување и член на Одборот за именување.

**Боштјан Ковач, Заменик претседател на Надзорен одбор (мандат до 12.09.2025 година)** поседува долгогодишно успешно професионално работно искуство на надзорни и други раководни позиции во банкарскиот, финансискиот сектор и реалниот сектор, при што тековно ја врши функцијата Директор на Секторот за управување со Групацијата (Group Steering) од 2023 година, како и Прокуратор во рамки на НЛБ д. д. Љубљана, од март 2021 година. Г-дин Боштјан Ковач преку извршување на функцијата Заменик Претседател на Надзорниот одбор на Банката, како и Претседател на Одборот за именување и негово членство во Одборот за наградување на Банката во изминатиот период (до истек на неговиот мандат до 12.09.2025 година), како и стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење и финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, се карактеризира со одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување на Банката, особено неговата финансиска состојба и профил на ризичност.

Г-дин Боштјан Ковач, како член на Надзорниот Одбор во 2025 (во рамките на неговиот мандат до 12.09.2025 година) потврди дека, има репутација и професионалност во коропоративното управување, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

**Алеш Ипавец, Заменик претседател на Надзорен одбор (мандат од 13.09.2025 година)** се карактеризира со докажано долгогодишно професионално работно искуство во банкарскиот и финансискиот сектор, како носител на највисока управувачка функција во финансискиот сектор и носител на високи менаџерски позиции во комерцијални банки во Република Словенија. Од септември 2024 година, г-дин Алеш Ипавец е именуван за Регионален директор за Северна Република Македонија (Country manager for North Macedonia) во Секторот за управување со НЛБ Групацијата (Group Steering) во рамки на НЛБ д.д. Љубљана. Како негови клучни активности на оваа функција во изминатиот период се издвојуваат следните: учество во подготовка на Стратегијата, политиките и други акти за управување и надзор на НЛБ Групацијата, имплементација на корпоративно управување на ниво на членките, координација и усвојување на стратешки проекти, како и иницирање подобрувања и координација и контрола на работењето.

Соодветното здобиено професионално искуство и образование, стручност и компетенции стекнато преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите, банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење во изминатиот период, како: банкарските ризици, современи трендови и иновации во банкарството, одржливоста и ESG Факторите, cyber безбедноста и неговите предизвици, заштитата на личните податоци и други актуелни теми врзани со банкарската регулатива, дигиталната трансформација во работење како и дигиталните алатки, ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Заменик претседател на Надзорниот одбор на Банката, како и функциите на Претседател на Одборот за именување и член на Одбор за наградување.

**Зоран Јовановски, Втор заменик Претседател и Независен член на Надзорниот одбор** се истакнува со долгогодишно, успешно, професионално работно искуство. Поголем дел од неговиот професионален ангажман е во финансискиот сектор, како носител на раководни функции и стручни работни позиции во комерцијалните банки во Република Северна Македонија, како и ангажман во сегментот на супервизијата, како носител на функции и надлежности во Народна Банка на Република Северна Македонија во делот на банкарската супервизија, монетарната политика и финансиската стабилност. Исто така, г-дин Јовановски поседува и неколкугодишно професионално искуство како Потпретседател на Стопанска комора на Македонија и во моментот како советник во Кабинетот на Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија за макроекономски прашања и јавни финансии.

Г-дин Зоран Јовановски преку остварување на функцијата на Независен член на Надзорниот одбор на Банката, како и Втор заменик на Претседателот на Надзорниот одбор, вклучително и членството во Одбор за именување и Одбор за наградување искажа спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување на надлежностите на Надзорниот одбор, оствари самостојна и професионална оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Тој како независен член на Надзорниот одбор, имаше суштинска улога во обезбедувањето конзистентна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулативата пропишана од Народната банка на Република Северна Македонија.

**Кристина Ковачич Бјелајац, член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и Претседател на Одбор за ревизија** поседува долгогодишно успешно, раководно, професионално работно искуство во банкарскиот сектор (НЛБ д.д. Љубљана, Република Словенија) на високи менаџерски позиции во сегментот на управувањето со глобалните ризици со специјалност во управувањето со кредитниот, пазарниот и ликвидносниот ризик, управувањето со оперативните ризици и уредувањето на процесите на коодлучување (underwriting), како и повеќегодишното членство во Одборот за ревизија во НЛБ Банка Бања Лука (банка - членка на НЛБ Групацијата), како и извршување на функцијата член на Надзорниот одбор од 2022 година и Претседател на Одборот за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје во изминатиот период, ја аргументираат соодветноста за извршување на надлежностите за функцијата член на Надзорен одбор на Банката во НЛБ Банка АД Скопје, што се потврди и во изминатиот период во текот на 2025 година.

Согласно учеството во седум седници (4 редовни, 3 вонредни седници) на Надзорниот одбор на Банката остварени во 2025 година, на коишто се донесоа значајни одлуки за решавање на прашања од неговата надлежност, контрола и следење на работењето на банката, се констатира дека г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, дедицирала доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Член на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како член на Одборот за наградување и Член на Одборот за именување.

**Андреја Стражишар, член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје поседува** долгогодишно успешно професионално работно искуство во банкарскиот сектор, од кои над 17 години на раководни позиции во сегментот на финансискиот контролинг во Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, Република Словенија, и тоа над 7 години како Директор на Сектор и повеќе од 10 години како Заменик директор на истиот сегмент.
Во досегашното искуство како менаџер во делот на контролингот, се одликува со активен професионален ангажман, како одговорна за компетенциите за контролингот на ниво на НЛБ Групацијата, како и ко-лидер во Групата за управување на капиталот на Групацијата.

Соодветното стекнато образование, стручност и компетенции здобиени преку професионалниот ангажман во банкарскиот сектор и постојаните професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, cyber безбедноста и неговите предизвици, заштитата на личните податоци и други актуелни теми врзани со банкарската регулатива, дигиталната трансформација во работење како и дигиталните алатки, ја потврдуваат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Член на Надзорниот одбор.

**Наташа Пукл, Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје** се одликува со докажано долгогодишно професионално работно искуство во банкарскиот сектор во Република Словенија, како носител на високи надзорни, управувачки и менаџерски позиции во комерцијалните банки, како и носител на менаџерски позиции и извршување на експертска/советодавна функција во делот на банкарската супервизија во Банка на Словенија, што претставува цврста основа за нејзиниот ангажман како Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, функција која ја извршува од 29.05.2024 година.

Таа презентира подготвеност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Таа како Независен член на Надзорниот одбор со својот ангажман придонесе за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Северна Република Македонија.